# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 06 Февруари 2013 година<br>Службен гласник број 2<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИТЕ ОД 57-МАТА (ВОНРЕДНА) СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Заклучоците од 57-мата (вонредна) седница на Советот на Општина Прилеп , се објавуваат во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 510/1
06.02.2013 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 05.02.2013 година, расправајќи по Расправата за состојбата по повод настанатиот пожар во манастирот "Трескавец", во непосредна близина на Прилеп, ги донесе следните:

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. Да се утврди фактичката состојба на манастирот "Трескавец" и причините за настанатиот пожар.
2. Да се направи Оперативен план за расчистување на теренот.
3. Се препорачува до Владата на Република Македонија и Министерството за транспорт и врски во рамките на реалните можности да се интензивираат активностите околу иградбата на патот до манастирот "Трескавец".
4. Се препорачува на Министерството за култура и Заводи и Музеј - Прилеп да веднаш пристапат кон изработка на планска документација за обновување на манастирскиот комплекс.
5. Советот на Општина Прилеп да донесе Одлука за одделување на средства од Буџетот на Општина Прилеп, во износ од 1.000.000,оо денари, за почетните активности околу подготовка и расчистување на теренот.
6. Се препорачува Министерството за култура и Македонската православна црква да отворат жиро сметка за донации за возобновување на манастирот.
7. Да се формира Координативно - Оперативно тело, составено од стручни лица кое технички ќе го подготвува и помага при расчистувањето возобновувањето на манастирот.
8. Локалната Самоуправа во соработка со другите градежни фирми вклучувајќи го и Мермерен комбинат да овозможат тампонирање и зарамнување на критичните места од патот.
9. Градоначалникот заедно со јавните претпријатија ,волонтери и бизнис секторот да организираат акции за расчистување на опожарениот дел од манастирскиот комплекс.
10. Владата на Република Македонија и Локалната самоуправа да дадат приоритет во однос на издвојување на потребните финансиски средства за возобновување и реконструкција на манастирскиот комплекс кој е исклучително од голема важност за целиот регион.
11. Во иднина Завод и Музеј Прилеп во соработка со МПЦ да изработат Елаборат за заштита на сите културно - историски

споменици од пожари на териториајата на Општина Прилеп.

12. Заклучоците да се достават до Градоначалникот, архивата на Општина Прилеп, Владата на Република Македонија, Заводи и Музеј - Прилеп, Министерството за култура, Министерството за транспорт и врски и до Македонската православна црква.

| | |
|---|---|
| | ПРЕТСЕДАВАЧ |
| Број 07 - 504//2 | на седницата |
| 05.02.2013 година | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Примариус Д-р. Благоја Дамески |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПОМОШ - СРЕДСТВА ЗА САНИРАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПОЖАРОТ НА МАНАСТИРОТ "ТРЕСКАВЕЦ" - ПРИЛЕП**

1. Одлуката за доделување на помош - средства за санирање на последиците од пожарот на Манастирот "Трескавец" - Прилеп , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 - 510/2 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 06.02.2013 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на член 26 став 1 точка 45 од Статутот на Општина Прилеп ( “Службен гласник на Општина Прилеп” 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 05.02.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за доделување на помош - средства за санирање на последиците од пожар на Манастирот "Трескавец"- Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Прилеп доделува средства за санирање на последиците од пожар на Манастирот "Трескавец' Прилеп.

Помошта се состои од парични средства во висина од 1.000.000,00 денари од Буџетот за 2013 година.

Член 2

Средствата од член 1 став 2 на оваа Одлука се обезбедуваат од средствата во Потпрограма А**00** - **Совет на Општината**, ставка **412-Постојана резерва (Непредвидливи расходи)**, од Подставка **412110-Постојана резерва (Непредвидливи расходи)**, предвидени во Буџетот на Општина Прилеп за 2013 година.

Член 3

Уплатата на средствата од член 1 на оваа Одлука да се изврши на жиро сметка на Манастирот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| | ПРЕТСЕДАВАЧ |
| Број 07 - 504/ 3 | на седницата |
| 05.02.2013 година | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Прим. Д-р. Благоја Дамески |

## *СОДРЖИНА*

*на "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 2*
*од 06.02.2013 година*

1. Заклучоци од 57-мата (вонредна) седница на Советот на Општина Прилеп..........................................................................................................................**Стр. 1**

2. Одлука за доделување на помош - средства за санирање на последиците од пожарот на Манастирот "Трескавец" - Прилеп..............................**Стр. 2**

**Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Марјан Ристески – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Одделение за правни работи. Тираж: 60 примероци.**